**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-286
17.08.2020 година
Велес

До
________________________
________________________

**Предмет**: Покана за присуство на едукација

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **26.08.2020 година (среда), во хотел „Белви“ – Скопје**, ќе се одржи работилница на тема: **„Практични искуства и проблеми во имплементацијата на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и прописите од областа на работните односи во институциите на јавниот сектор – со посебен осврт на подготвување на Планот за вработување за 2021 година“**

Обуката претставува одлична можност заедно со обезбедениот квалитетен експерт-практичар, да се разменат знаења, долгогодишни искуства и добри практики за областите кои се однесуваат на низа прашања поврзани со: Подготовката на функционална анализа и на актите за внатрешна организација и систематизација, Примена на Методологијата за планирање на вработувањата во институциите на јавниот сектор, Примена на Законот за административни службеници и ***Подготовка на Предлог / Планот за вработување за 2021 година како составен дел на буџетското барање за 2021 година*** (за буџетските корисници на Буџетот на РСМ), односно ***Планот за вработување за 2021 година за правните субјекти кои немаат обврска да бараат согласност*** од Министерството за финансии и негово доставување до Министерството за информатичко општество и администрација.

Почитувани, искористете ја можноста за само **4.990 денари (со вклучен ДДВ) по учесник да обезбедите присуство и работни материјали за обуката, освежување и кафе за време на паузите.** Котизацијата за учество на обуката можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија,**
**сметка 300 270 000 017 628, Комерцијална Банка АД Скопје или на**
**сметка 200 000 026 137 030, АД Стопанска Банка – Велес**
**даночен број MK4004997107233**

Во функција на доброто организирање на обуката и почитување на пропишаните протоколи за организирање на овој вид на настани, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во Здружението со доставување на пополнети пријави за учество на обуката на тел.: 043/230-623 и на e-mail zfrlsjpv@t.mk. Формуларот за учество на обуката и агендата се поставени на нашата веб страна: https://zfr.org.mk/. За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk. **Транспортот е на товар на учесниците.**

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од обуката.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалните самоуправи и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2